Врз основа на Член 55, став (1) од Законот за организација и работата на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 110/19 и 121/24) и Член 102, став (1) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 229/20 и 78/25), министерката за образование и наука утврди:

# **У П А Т С Т В О**
## **за потребниот број на работници во јавните средни училишта во Република Северна Македонија**

### **Член 1**

Со ова Упатство се утврдуваат потребниот број на работници во јавните средни училишта во Република Северна Македонија.

### **Член 2**

За утврдување на потребниот број на наставници во јавните средни училишта како критериум се земаат наставните планови и програми, односно бројот на наставните часови и тоа:
- теоретски наставни часови, кои вклучуваат и проектни активности и содржини програмирани од училиштето: од 20 часа до 23 часа неделно;
- наставни часови по практична настава и вежби во училиште: од 26 часа до 28 часа неделно;
- наставни часови по практична настава вон училиште: од 34 часа до 36 часа неделно;
- наставни часови по учење преку работа кај работодавач во реална училишна компанија: од 26 часа до 28 часа неделно;
- наставни часови по учење преку работа кај работодавач во компанија: од 34 часа до 36 часа неделно;
- наставни часови по корепетиција: 60 часа неделно;
- наставни часови по корепетиција по ритмика: 36 часа неделно;
- наставни часови по хор: 4 часа неделно и
- наставни часови по оркестар: 4 часа неделно.

Наставните часови по хор, оркестар, проектни активности и содржини програмирани од училиштето се доделуваат на наставници коишто засновале работен однос на неопределено работно време, односно кои делумно или целосно останале без наставни часови во училиштето.

### **Член 3**

На секое јавно средно училиште следува 1 (еден) директор со полно работно време.

На секој регионален центар за стручно образование и обука следува 1 (еден) директор со полно работно време и 5 (пет) раководители.

Раководителите во регионалните центри може да се ангажираат најмногу до половина работно време по претходно добиена согласност од Министерството за образование и наука.

На секое јавно средно училиште му следуваат стручни соработници утврдени со одредбите од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта.

За утврдување на потребниот број на стручни соработници во јавните средни училишта како критериум се зема бројот на ученици во училиштето и тоа:
- до 500 ученици, најмногу 3 (три) стручни соработници;
- до 1000 ученици, најмногу 5 (пет) стручни соработници; и
- над 1000 ученици, најмногу 7 (седум) стручни соработници.

На секое јавно средно училиште му следуваат административни службеници и даватели на јавни услуги утврдени со одредбите од Законот за средното образование.

За утврдување на потребниот број на административни службеници во јавните средни училишта како критериум се зема бројот на ученици во училиштето и тоа:
- до 500 ученици, најмногу 3 (три) административни службеници;
- до 1000 ученици, најмногу 4 (четири) административни службеници; и
- над 1000 ученици, најмногу 6 (шест) административни службеници.

Согласно наставните програми по одредени наставни предмети, во јавните средни училишта следуваат и стручни соработници по практична настава (лаборанти).

За утврдување на потребниот број на стручни соработници по практична настава (лаборанти) во јавните средни училишта како критериум се зема бројот на паралелки за квалификацијата, односно секторот каде се предвидени во наставните програми по определените наставни предмети и тоа:
- од 5 (пет) до 10 (десет) паралелки, најмногу 1 (еден) лаборант;
- од 11 (единаесет) до 16 (шеснаесет) паралелки, најмногу 2 (два) лаборанти;
- од 17 (седумнаесет) до 22 (дваесет и две) паралелки, најмногу 3 (три) лаборанти;
- над 22 (дваесет и две) паралелки, најмногу 5 (пет) лаборанти.

**Член 4**

На секое јавно средно училиште кое има библиотека до 5000 наслови на книжен фонд му следува половина работно место - стручен соработник (библиотекар).

На секое јавно средно училиште кое има библиотека со над 5000 наслови на книжен фонд му следува едно работно место - стручен соработник (библиотекар).

**Член 5**

На секое јавно средно училиште му следува едно работно место за тековно одржување на објектите, а на јавните средни училишта коишто се приклучени на централно топлинско греење му следуваат до две работни места за тековно одржување на објектите.

За физичко обезбедување на објектите во јавното средно училиште следуваат до две работни места - чувар.

За одржување на хигиената, на јавното средно училиште му следуваат хигиеничари согласно површината што ја има училиштето и работењето во смени:

| површина во m$^2$ по лице за работа во: | |
|---|---|
| **една смена** | **две смени** |
| 700 m$^2$ | 600 m$^2$ |

Бројот на работните места за хигиеничари се добива кога вкупната површината ќе се подели со нормативот во $m^2$.

**Член 6**

На затекнатите вработени на неопределено работно време (административно - технички кадар и стручните соработници по практична настава) им продолжува заснованиот работен однос во јавните средни училишта.

Не е дозволено вработување на стручни соработници по практична настава (лаборанти) по основ на ново финансирање.

**Член 7**

Со денот на отпочнувањето на примената на ова Упатство, престануваат да важат Критериумите за утврдување на потребен број на работници во дејноста на средното образование со дел. број 11-6303/1 од 09.10.2003 година.

**Член 8**

Ова Упатство влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното донесување, а ќе отпочне да се применува од 01.09.2025 година.

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**

Број 13-8306/1
16.06.2025 година
Скопје